Република Северна Македонија
АПЕЛАЦИОНЕН СУД
Бр. СПИ-1/22
10.1 2022 год.
СКОПЈЕ
ПОШТ ФАХ 80

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Република Северна Македонија бр.101/2019), Апелациониот суд Скопје, со седиште на булевар Крсте Мисирков бр.1, телефон: 02/3292-400, 02/3292-557, факс: 02/3137-072, e-mail: contact@asskopje.mk, преку Заменик Претседателот на судот Зоран Герасимовски и службеното лице за посредување со информации од јавен карактер м-р Марија Ивановска, го подготви следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
(од 01.01.2021 до 31.12.2021)

**1. Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации;**

1) м-р Марија Ивановска

**2. Број на примени барања;**

- 31 (триесет и еден) барања за слободен пристап до информации од јавен карактер и тоа:

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара -Статистички податоци за поднесени жалби и донесени правосилни и извршни пресуди од Апелационен суд Скопје за периодот од 2010-2020 година, со правен основ кој произлегува од основното човеково право на : -правото на домување, - здравствена заштита, -пристап до вода за пиење и -право на здрава животна средина. -Статистички податоци за поднесени жалби и донесени правосилни и извршни пресуди од Апелационен суд Скопје во случаи кога спротивно на закон бил оневозможен пристапот до информации од јавен карактер од областа на животната средина, учество на јавноста во одлучувањето и пристапот до правда за заштита на животната средина, согласно одредбите на Архускатa Конвенција за периодот од 2010-2020 година. -Препис од правосилни и извршни пресуди по горенаведените основи, подобни за правна анализа на случаи.

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара анонимизирана форма од пресудата на Апелациониот суд Скопје ГЖ.бр.5978/17;

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара анонимизирана форма од пресудите на Апелациониот суд Скопје ГЖ.бр.3377/11 и ГЖ.бр.4981/11;

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара увид во предметот на Апелациониот суд Скопје ГЖ.бр.5428/04;

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара да се направат анализи на одлуките од прекршочната област, граѓанската област и кривичната област и да се изврши увид во истите во поглед на воедначување на судската пракса;

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара информација околу квалификациите на судијата Нуман Лимани, имено дали има завршено академија за судии и јавни обвинители и кога, како и дали поседува сертификат за познавање англиски јазик, каков и од кога?;

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара информација за број на примени жалби во 2020 година за заштита од дискриминација, расчленето по облик, основ и област каде е сторена дискриминацијата?, Број на одлуки со кои е усвоена жалбата? и Број на одлуки со кои не е усвоена жалбата?;

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара пристап кон 12 аниминизирани одлуки од Апелациски суд Скопје, по прекршочни предмети од обласите: јавен ред и мир и сообраќај, каде една од странките во спорот ќе биде физичко лице, и истите да се донесени во една од годините: 2017, 2018, 2019 и 2020.;

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара достава на пресуда на Апелациониот суд Скопје ТСЖ.бр.2840/17 во фотокопија;

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара информација за број на мериторни пресуди со кои Апелациониот суд Скопје изрекува мерка конфискација на имот и имотна корист, поделени по кривични дела и по години за 2017, 2018, и 2019 година и 2020 година?;

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара информација за бројот на предметот по жалба доставен преку Основниот кривичен суд Скопје на ден 27.10.2020 година по прекршочниот предмет ПРК.бр.С.363/19 до Апелациониот суд Скопје?;

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара информација за внатрешна организација на трговскиот оддел на Апелациоен суд Скопје, со податоци (име и презиме) на претседателот на одделот и на судиите што се во состав на пооделните совети на одделот.;

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара
достава на по неколку одлуки од граѓанската област(3-4), во кои има судот има вградено или се има повикано на правни репери, односно начелни правни мислења и ставови на ВСРСМ, како и повикување на ЕКЧП;

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара информација за начинот на распределба на предметот КСЖ.бр.310/17 на Апелациониот суд Скопје;

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара информација за начинот на распределба на предметот КСЖ.бр.415/17 на Апелациониот суд Скопје;

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара информација за начинот на распределба на предметот ГЖ.бр.495/18 на Апелациониот суд Скопје;

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара информација за 1. Вкупен број на поднесени жалби за кривично дело криумчарење на мигранти во периодот 01 Јануари – 31 Декември 2020 година?, 2. Вкупен број на предмети за кривично дело криумчарење на мигранти кое биле во работа во судот во периодот 01 Јануари – 31 Декември 2020 година?, 3. Вкупен број на донесени пресуди/одлуки за кривично дело криумчарење на мигранти и вид на пресуди одделно во периодот 01 Јануари – 31 Декември 2020 година? 4. Број на осудени лица за извршено кривично дело криумчарење на мигранти во 2020 година? И 5. Копија од пресуди/одлуки за кривично дело криумчарење на мигранти донесени во периодот 01 Јануари – 31 Декември 2020 година.;

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара информација за видот на гаранцијата која ја поднел Драги Рашковски, односно за каков имот станува збор и на чие име се води;

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара информација за „Колку жалбени постапки биле водени во судот врз основа на Законот за кривична постапка (Сл. весник на РМ бр.150/10, 100/12, 142/16 и 198/18) во период од 01.12.2013 година до 31.05.2021 година вкупно, но и по секоја различна година.“, и се бара „Достава на судска пракса, односно сите одлуки (пресуди и решенија) на судот донесени врз основа на Законот за кривична постапка (Сл. весник на РМ бр.150/10, 100/12, 142/16 и 198/18) во период од 01.12.2013 година до 31.05.2021 година во кој бил применет некој од членовите 12, 93, 336 ст.4 и 5, 347 ст.1 т.1, 415 ст.1 т.8 или чл.421 ст.6 на овој закон.“;

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара копија од записник составен на 31.03.2021 година по предметот на Апелациониот суд Скопје ГЖ.бр.4724/19;

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара информација кога барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од 16.08.2021 година е доставено до Основниот суд Скопје I Скопје и до кого;

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара информација во поглед на тоа дали постои специјализиран судски оддел за криминалитет за децата согласно Законот за правда за децата, за начинот на финансирање на овој оддел, дали судиите и вработените во овој суд имаат учествувано на обуки во врска со примената на овој закон, колку работни места предвидени за извршување на работните задачи поврзани со примена на погоре наведениот Закон не се пополнети согласно важечката систематизација, дали имате соодветни интерни акти со кои се уредува буџетирањето на ставки поврзани со правда за децата и на кој начин се утврдуваат овие потреби?“, „Дали при определувањето на годишните активности и потребните сретства за оваа намена користетете експертска подршка од надворешните експерти?“ и „Доколку користете експертска подршка, на

кој начин и од кои извори се финансира учеството на експертот?“;

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара информација „Дали во Вашиот суд, имате вработено лице на работно место судски полицаец со завршено високо или вишо образование и доколку имате такво лице, кое е неговото академско звање и колку бодови за образование, согласно Законот за судска служба му се пресметуваат во платата?“

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара достава на пресудите КЖ.бр.575/07 од 03.05.2007 година и КЖ.бр.575/07 од 06.06.2012 година во анонимизирана форма;

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара информација во врска со полот и годината на раѓање на судските службеници од категорија А, Б, В и Г, согласно Законот за судска служба;

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара достава на пресудата на Апелациониот суд Скопје за случајот „Двојник мафија – за лажни пасоши;

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара преписи од пресудите донесени во предметите на Апелациониот суд Скопје: ГЖ.бр.4522/16, ГЖ.бр.2433/15, ГЖ.бр.3779/15, ГЖ.бр.3208/15, ГЖ.бр.2279/15, ГЖ.бр.1290/15, ГЖ.бр.5939/15 и ГЖ.бр.1358/15;

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара информација за „Кога е примен предметот ГЖ.бр.3572/15 во Основниот граѓаснки суд Скопје, во кој јас учествувам во својство на тужен (наводен должник)?“, „Кога е извршена распределба на овој предмет според АКМИС системот?“ и „Наведете ги името на судското службено лице под чиј надзор е извршена распределбата на овој предмет согласно со АКМИС системот.“;

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара информација за „Кога е примен предметот ГЖ.бр.5642/17 во Основниот граѓаснки суд Скопје, во кој јас учествувам во својство на тужен (наводен должник)?“, „Кога е извршена распределба на овој предмет според АКМИС системот?“ и „Наведете ги името на судското службено лице под чиј надзор е извршена распределбата на овој предмет согласно со АКМИС системот.“;

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара информација за „Кога е примен предметот ГЖ.бр.3149/17 во Основниот граѓаснки суд Скопје, во кој јас учествувам во својство на тужен (наводен должник)?“, „Кога е извршена распределба на овој предмет според АКМИС системот?“ и „Наведете ги името на судското службено лице под чиј надзор е извршена распределбата на овој предмет согласно со АКМИС системот.“ и

- едно барање за слободен пристап со информации од јавен карактер со кое се бара информација за „Кога е примен предметот ГЖ.бр.6495/15 во Основниот граѓаснки суд Скопје, во кој јас учествувам во својство на тужен (наводен должник)?“,

„Кога е извршена распределба на овој предмет според АКМИС системот?“ и „Наведете ги името на судското службено лице под чиј надзор е извршена распределбата на овој предмет согласно со АКМИС системот.“.

**3. Број на позитивно одговорени барања;**

- 25 (дваесет и пет) барања

**4. Број на одбиени барања со наведување на причините за секое одбиено барање, отфрлени барања и препратени барања;**

- 6 (шест) одбиени барања и тоа:

- 1 (едно) барања поради тоа што со истите се барало -Статистички податоци за поднесени жалби и донесени правосилни и извршни пресуди од Апелационен суд Скопје за периодот од 2010-2020 година, со правен основ кој произлегува од основното човеково право на : -правото на домување, - здравствена заштита, -пристап до вода за пиење и -право на здрава животна средина. -Статистички податоци за поднесени жалби и донесени правосилни и извршни пресуди од Апелационен суд Скопје во случаи кога спротивно на закон бил оневозможен пристапот до информации од јавен карактер од областа на животната средина, учество на јавноста во одлучувањето и пристапот до правда за заштита на животната средина, согласно одредбите на Архуската Конвенција за периодот од 2010-2020 година. -Препис од правосилни и извршни пресуди по горенаведените основи, подобни за правна анализа на случаи, а во АКМИС системот предметите не се заведуваат по основ по кој се бараат со што нема можност да се извадат статистички податоци за периодот од 2010 – 2020 година и да се издадат преписи на правосилни пресуди по основите кои се наведени во барањето;

- 1 (едно) барање со кое се бара увид во предметот ГЖ.бр.5428/04 од 21.02.2008 година, од причина што, согласно одредбата од чл.376 ст.1 т.6 од Судскиот деловник, списите по предметите во хартиена и електронска форма што не се чуваат трајно се одвојуваат од архивата по истекот на следните рокови: 6. 5 (пет) години од денот на доставувањето на второстепената одлука на сите второстепени предмети;

- 1 (едно) барање со кое се бара да се направат анализи на одлуките од прекршочната област, граѓанската област и кривичната област и да се изврши увид во истите во поглед на воедначување на судската пракса, од причина што во АКМИС системот нема можност да се заведе податок за постоење на различни одлуки по однос на две или повеќе исти правни работи, односно за постоење на невоедначена судска пракса. Истовремено барателот е информиран дека на нашата веб www.asskopje.mkhttp://www.asskopje.mk/, се објавуваат одлуките кои се носат по повод изјавени жалби и тоа од кривичната област, граѓанската област, како и во областа на прекршоците, па со пребарување во базата на објавени одлуки може да се направи анализа;

- 1 (едно) барање со кое се бара информација за број на мериторни пресуди со кои Апелациониот суд Скопје изрекува мерка конфискација на имот и имотна корист, поделени по кривични дела и по години за 2017, 2018, и 2019 година и 2020

година, од причина што во АКМИС системот предметите не се заведуваат по основ како што се барат, односно во АКМИС системот нема можност да се заведе во кој предмет има изречено мерка конфискација на имот и имотна корист;

- 1 (едно) барање со кое се бара достава на по неколку одлуки од граѓанската област(3-4), во кои има судот има вградено или се има повикано на правни репери, односно начелни правни мислења и ставови на ВСРСМ, како и повикување на ЕКЧП, од причина што во АКМИС системот нема можност да се евидентира во кои одлуки судот има вградено или се има повикано на начелни правни мислења и ставови на ВСРСМ како и на судската пракса на ЕКЧП. Истовремено, барателот е информиран дека на нашата веб www.asskopje.mkhttp://www.asskopje.mk/, се објавуваат одлуките кои се носат по повод изјавени жалби и тоа од граѓанската област, па може со пребарување во базата на објавени одлуки да ги побара податоците кои му требаат;

- 1 (едно) барање со кое се бара достава на пресудите КЖ.бр.575/07 од 03.05.2007 година и КЖ.бр.575/07 од 06.06.2012 година во анонимизирана форма, од причина што, согласно одредбата од чл.376 ст.1 т.6 од Судскиот деловник, списите по предметите во хартиена и електронска форма што не се чуваат трајно се одвојуваат од архивата по истекот на следните рокови: 6. 5 (пет) години од денот на доставувањето на второстепената одлука на сите второстепени предмети.

**5. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија и заклучоци) на имателите на информации, со опис на одлуката како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација;**

- Нема

**6. Број на усвоени жалби со одлука на Комисијата;**

- Нема

**7. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Комисијата**

- Нема

**8. Број на одбиени жалби од Комисијата и причини за нивно одбивање;**

- Нема

**9. Број на отфрлени жалби од Комисијата и причини за нивно отфрлање;**

- Нема

**10. Број на случаи на молчење на Комисијата;**

- Нема

**11. Број на барања за поведување прекршочна постапка и поведени прекршочни постапки;**

- Нема

**12. Број и видови на изречени прекршочни санкции;**

- Нема

**13. Број на поведени управни спорови против конечната одлука на Комисијата;**

- Нема

**14. Број и список на донесени судски одлуки во кои тужбата на барателот во управниот спор е позитивно решена, како и и наведување на причините на кои се темели одлуката на надлежниот суд.**

- Нема

Скопје, 05.01.2022 година

ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ,

__________________________

/Зоран Герасимовски/

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер

__________________________

/м-р Марија Ивановска/